Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на Одлуката за формирање на Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 17/2025 година), Владата на Република Северна Македонија на ден 05.02.2025 година, го објавува следниот

**Јавен повик за изразување интерес за членување на граѓанска организација на лица со попреченост во Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост при Владата на Република Северна Македонија**

Граѓанската организација треба да ги исполнува следните критериуми:

- Да е претставничка организација на лица со попреченост, односно да е со мнозинство од членови кои се лица со попреченост (најмалку половина од нивното членство) и кои се управувани, водени и раководени од лица со попреченост;
- Да е регистрирана согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации;
- Да располага со организациски, технички и човечки капацитети за координација и соработка со други организации;
- Да има реализирано проекти на локално и национално ниво за подобрување на условите за живот на лицата со попреченост и нивна инклузија во општеството;
- Да има искуство во застапување и лобирање за унапредување на правата на лицата со попреченост, согласно Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост;
- Искуство во членување во работни тела за изработка на закони/стратегии ќе се смета за предност;
- Членување на организацијата во мрежи и меѓународни организации, ќе се смета за предност.

**Со пријавата, заинтересираните организации задолжително треба да ја достават следната документација:**

- Потврда за упис во Централниот регистар;
- Копија од Статутот на организацијата;
- Портфолио на организацијата, заедно со портфолио за реализирани проекти на национално и локално ниво;
- Доказ дека организацијата располага со организациски, технички и човечки капацитети (опис на структурната поставеност, функционални тела, располагање со канцеларија, број на вработени/волонтери;
- Докази за членување во работни тела, мрежи и меѓународни организации;
- Мотивациско писмо за учество на организацијата во Националното координативно тело.

НАПОМЕНА: По завршување на постапката за избор, избраната граѓанска организација номинира член и заменик член во НКТ, со мандат од четири години. Потребната документација да се достави до Архивата на Канцеларијата на претседателот на Владата или по пошта на следнава адреса:

**Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**
**бул. „Илинден“ бр. 2, 1000 Скопје**
**(со назнака „за членство во Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост“).**

Рокот за доставување на потребната документација е **седум (7) работни дена** сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат. Ненавремената и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледувана.

Лице за контакт: Лидија Крстевска Дојчиновска 071 327 144